АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# INFORMATOR

БРОЈ 61 Мај 2007

## *52 -ро ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*




Адвокатската комора на Република Македонија во деновите 24 и 25 мај 2007 година, во хотел Инекс Горица, во Охрид го одржана своето 52 - ро Годишно Собрание на Адвокатската комора на РМ, и истовремено одбележа 62 години од постоењето на адвокатурата во Република Македонија.

На ова Годишно Собрание во присуство на делегации од повеќе од 20 земји и тоа: Бразил, Португалија, Шпанија, Франција, Англија, Швајцарија, Австрија, Италија, Германија, Чешка, Хрватска, Федерација Босна и Херцеговина, Република Српска, Црна Гора, Србија, Грција, Бугарија, Албанија, Турција, Азербејџан, Израел и Либан, и по прв пат на наше огромно задоволство, присуство на Претседателот на Светската Унија на адвокати - УИА Г-дин Пауло Линс Е Силва, кој ја истакна активната улога на Адвокатската комора на РМ во оваа институција и воопшто реномето кое АКРМ го има на меѓународен план. Како гости на 52-то Годишно Собрание, покрај претставниците од Адвокатски заедници, присуствуваа и истакнати домашни гости, меѓу кои, Министерот за правда на Република Македонија Г-дин Михајло Маневски, Претседателот на Врховниот Суд на Република Македонија, Г-дин Дане Илиев, Претседателот на Државниот Судски Совет Г-дин Бекир Исени, Заменик министерот за правда на РМ Г-дин Сашо Василевски, претседателот на Комората на извршители Г-дин Горан Тошевски, Заменик претседателот на Нотарската комора на РМ Г-ѓа Зорица Пулејкова, и други претставници на правосудните органи, пратеници во Собранието на Република Македонија и други.

Во рамките на овие денови на македонската адвокатура, претседателот на Светската Унија на адвокати – УИА, Г-дин Пауло Линс Е Силва заедно со претседателот на Управниот Одбор на Адвокатска комора на РМ Г-дин Ненад Јаниќевиќ беа примени од страна на Претседателот на Република Македонија Г-дин Бранко Црвенковски. Истовремено беа остварени средби и со Претседателот на Уставниот Суд на Република Македонија Г-дин Махмут Јусуфи и со претседателот на Врховниот Суд на Република Македонија Г-дин Дане Илиев.



prodol`uva na str.2

*продолжува од стр. 1*

На Работниот дел на 52-то Годишно Собрание на Адвокатската комора на Република Македонија, претставниците едногласно ги усвоија Извештаите за работа на Управниот Одбор на АКРМ за 2006 година, како и извештаите за работа на Надзорниот Одбор, Дисциплинскиот Обвинител, Дисциплинскиот суд и Жалбениот Совет, и записникот од 51-то Годишно Собрание на АКРМ. Истовремено беше разгледана и едногласно усвоена завршната сметка за 2006 година.

На работниот дел од Собранието беа разгледани и едногласно усвоени, новиот Кодекс за професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатски приправници на Адвокатска комора на Република Македонија, како и измените и дополнувањата на Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, целосно усогласени со Законот за адвокатура.

Со цел да се одбележи овој настан кој е од исклучително значење за Адвокатската комора на РМ, а истовремено и со цел достојно да се претстави нашата држава пред големиот број на странски гости, Адвокатската комора на Република Македонија, повторно договори спонзорства со Тиквеш, Ино Спектар кои ни помогнаа со свои производи, како и целосно обезбедување на превозот на нашите гости за време на Годишното Собрание од страна на Симекс Автотранспорт.

## *СЕМИНАР "МЕЃУНАРОДЕН КРИВИЧЕН СУД И ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ЗКП"*



Во деновите 11 и 12 мај 2007 година, во хотел Градче во Кочани, во организација на Адвокатска комора на Република Македонија, согласно програмата за континуирана едукација на своето членство беше одржан семинар на тема "Меѓународен Кривичен Суд и Посебни истражни мерки согласно Законот за Кривична постапка". Темата на семинарот како и учеството на повеќе експерти од оваа област како предавачи на истиот, привлекоа особено внимание и богата дискусија помеѓу големиот број на присутни адвокати на семинарот.

Модератор на семинарот беше Г-ѓа Дивна Павлоска, заменик претседател на Управен Одбор и Претседател на Комисија за едукација, која го отвори семинарот која ги поздрави присутните учесници и гостите. Воведно излагање на семинарот даде Претседателот на Управниот Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија Г-дин Ненад Јаниќевиќ, кој ги запозна присутните со Меѓунарониот Кривичен суд, постапките и начинот на функционирање, како и со посебните истражни мерки согласно Законот за кривична постапка. Судијата во Апелациониот Суд Скопје, Г-дин Јордан Митриновски во своето излагање се осврна на членот 5 од Европската Конвенција за човекови права и нејзината практична примена. Г-дин Ставре Џиков, адвокат од Скопје, со своето излагање даде реална слика на Хашкиот Трибунал и македонските случаи.

Вториот ден на семинарот го отвори Г-дин Злат Миловановиќ, професор по меѓународно право, кој со своето излагање на тема "Од Хуремберг до Меѓународен кривичен суд; Алка која недостасува и случај на рехабилитација", го привлече вниманието и предизвика богата дискусија помеѓу присутните адвокати. Со свое излагање на тема "Слободно движење на адвокатите во Европа и европски пристап кон прекуграничното давање на правни услуги" како предавач на семинарот учествуваше и Г-ѓа Мариа Афонсо, Тим лидер на проектот за техничка помош и подршка на формирањето на Институт за обука на правосудството, финансиран од ЕУ и раководен од Европската Агенција за реконструкција. Семинарот заврши со излагањето на Г-дин Јован Илиевски, раководител на Специјалното Одделение за организиран криминал при јавното обвинителство на Република Македонија, на тема "Посебни истражни мерки согласно Законот за кривична постапка" .

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АКРМ, ПРВИОТ ПРИВАТЕН ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ И ВЕЧЕР ПРЕС

Адвокатската комора на Република Македонија започна подолготрајна соработка со Г-дин Бојо Андрески, сопственик на Прв Приватен Европски Универзитет и Вечер Прес ДОО, со единствена цел подигање, унапредување и едуцирање на правниот живот во Република Македонија. Првиот Приватен Европски Универзитет ќе овозможи полагањето на Адвокатскиот испит да се спроведува во просториите на универзитетот, како и користење на истите за потребите на Адвокатската комора на Република Македонија.

**За активностите кои Адвокатската комора на Република Македонија ги превзема во своето работење и подобро запознавање на јавноста со нив, АКРМ со задоволство Ве информира дека и се доделени на користење бесплатно 8 страни месечно во дневниот весник Вечер, кои ќе ги уредува Адвокатската комора на РМ. На овие страни преку АКРМ ќе може да најдат место сите Ваши ставови, сугестии, забелешки, правилности, неправилности, пофалби, и слично. Истовремено, дневниот весник Вечер ќе се дистибуира бесплатно до сите адвокати во Република Македонија, во период од еден месец.**

**Сите заинтересирани членови на АКРМ кои сакаат да се претплатат на дневниот весник Вечер, можат истото да го сторат преку Адвокатската комора на Република Македонија или директно во Вечер Прес ДОО со уплата на годишна претплата во износ од 4.680 денари на: Вечер Прес ДОО, жиро сметка: 250-0000001347-47, депонент на Инвест Банка АД Скопје.**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД АКРМ

Адвокатската Комора на Република Македонија остварувајќи ги своите цели за подигање на местото на адвокатурата како професија која е најповикана во остварувањето и заштитата на основните човекови права има задоволство да Ве информира за големиот интерес кој се пројави помеѓу адвокатите за обуките кои АКРМ ги спроведува со поддршка на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје. АКРМ ќе вложи напори материјалите од истите да бидат достапни до сите заинтересирани колеги, а непосредните учесници ќе бидат контактирани лично. На првата обука која ќе се реализира во Скопје свои презентации подготвија г-дин Доналд Бисон Директор на Програмата за Реформи во Судството, Набљудувачка Мисија на ОБСЕ во Скопје, Г-дин Дељо Кадиев, Г-ѓа Ана Морис, Адвокат, Garden Court Chambers, Лондон, Обединето Кралство, д-р Трајчо Витанов, Г-дин Светозар Ристески, Г-дин Флориан Разесбергер, од Набљудувачка Мисија на ОБСЕ во Скопје и Г-дин Радивоје Лазаревиќ, адвокат, меѓународен експерт по меѓународно хуманитарно право.

## УСВОЕНА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Имајќи го во предвид фактот дека основната цел на адвокатот во вршење на својата професија е пред се да му служи на интересот на правдата и заштитата на правата и интересите на клиентот, што ја наметнува потребата од континуирана едукација на адвокатите заради подобро познавање на законите и постапките во домашното право и споредбено со правото во другите држави.

За таа цел Управниот Одбор на Адвокатска комора на својата седница одржана на ден 18 мај 2007 година, ги усвои Правилата за континуирана едукација за 2007година. Овие правила се однесуваат на сите адвокати кои имаат Лиценца за работа согласно на актите на Комората и кои согласно овие правила мораат да присуствуваат најмалку на еден семинар, тренинг обука, округла маса и слично.

Заради ваши детално запознавање со Правилата за континуирана едукација, истите ќе бидат објавени во следниот број на списанието Адвокатура.

*СПЕЦИЈАЛНО ЗА АДВОКАТИ !!*

*ПОЗНАТИТЕ РУРА МАШКИ И ЖЕНСКИ ЧОРАПИ*



RURA
italian style
Момин Поток 6б • 1000 Скопје • Македонија
Тел: +389 2 3091 207, 3095 146

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД АКРМ

Во рамките на проектот "Бесплатна Правна помош, правна култура и социјализација", Адвокатската комора на Република Македонија во соработка со Советот на Европа ќе спроведе обука за адвокатите кои се вклучени во овој проект, за постапките пред судот за човекови права во Стразбур. Координатор е Г-дин Светозар Ристески, кој воедно е и правен консултант во Советот на Европа. Обуката ќе биде спроведена во Скопје, а адвокатите ќе бидат известени лично од страна на Адвокатската комора на Република Македонија.

## СПОРТСКИ ИГРИ – ТРАДИЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА

Спортски игри помеѓу адвокатите од Република Македонија за прв пат беа одржани во периодот од 20 - 22 октомври 2006 година во мотел Истатов, Нов Дојран, со што идејата за развивање на спортскиот дух, зацврстување на комуникацијата помеѓу колегите од различни градови, а со тоа и за зголемување на компактноста на Адвокатската комора на Република Македонија, беше успешно остварена.

Адвокатската комора на Република Македонија со цел да се даде подршка на сите активности во правец на развивање на спортскиот и пријателскиот дух, и да оваа манифестација прерасне во традиција, повторно организира спортски игри кои ќе се одржат во текот на октомври 2007 година.

Во тек е формирање на спортски екипи кои ќе се натпреваруваат во машки дисциплини фудбал и кошарка; и женски дисциплини одбојка, пинг-понг, шах, пикадо, влечење јаже и др.

**Ќе се формираат 4 екипи согласно припадноста на апелационите подрачја и тоа по следниот распоред :**

**1 екипа - Адвокатските Заедници Скопје 1, Скопје 2, Тетово, Гостивар, Дебар, Крива Паланка, Дебар и Кратово.**
**2 екипа - Адвокатските Заедници Скопје 3, Скопје 4, Куманово, Неготино, Велес, Кавадарци, Гевгелија и Македонска Каменица.**
**3 екипа - Адвокатските Заедници Битола, Прилеп, Крушево, Охрид, Струга, Кичево, Ресен и Демир Хисар.**
**4 екипа - Адвокатските Заедници Штип, Струмица, Радовиш, Кочани, Свети Николе, Виница, Берово, Делчево и Пробиштип .**

Вашето учество на спортските игри ќе претставува првичен чекор во насока по која ќе се гради една спортска традиција, чиј краен исход го гледаме преку нашето активно учество на меѓународните адвокатски спортски игри кои со години station наназад се нетрпеливо очекувани од сите адвокати на светот.

Сите заинтересирани за учество на спортските игри да достават пријави со наведени дисциплини во кои сакаат да се натпреваруваат најдоцна до 30 септември 2007 година, на телефоните на Адвокатска комора 02/ 3165-409 и 02 / 3212-452 или на е-маил: lawyermk@mba.org.mk.

*АДВОКАТСКИ КЛУБ РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"*
*20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ*
*тел. 02 / 3214 200*

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СТРУЧНА СЛУЖБА**